Архивски број: 08-230/6
22-07-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-312/1 од 08.02.2024 година, поднесена од [redacted] Скопје, против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основ на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА продолжена директна дискриминација врз основ на членување во синдикат сторена од Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници за работни места од категориите Б, В, Г, Д и Ѓ, односно претседателот [redacted] врз [redacted] од Скопје.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) на 08.02.2024 година е доставена претставка бр. 08-230/1 од страна на [redacted] од Скопје, со живеалиште на [redacted], за сторена дискриминација од страна на Министерството за внатрешни работи.

Имено, подносителот наведува дека на 23.06.2023 година поднесол претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, сметајќи дека како Помошник генерален секретар на Независниот синдикат полицијата врз него била вршена повеќегодишна дискриминација поради членување во синдикат и синдикални активности. Претставката се темелела на нерегуларностите од спроведен интерен оглас на кој што тој конкурирал за отворена работна позиција Инспектор - Раководител на смена во ПС за ГН Блаце, објавен со телеграма бр.226.47 од 16.02.2023 година, каде во огласот во условите било предвидено дека е потребно кандидатот да има завршено економски, правен или факултет за безбедност, додека на интерниот оглас било избрано лице со завршен факултет за радиологија (рентген), иако тој како Магистер по правни науки со 300 ЕКТС кредити и положен правосуден испит бил одбиен.
Тој наведува дека на 14.09.2023 година од страна на Комисијата било донесено Мислење бр. 08-411/11 во кое таа утврдила директна Дискриминација врз него врз


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

основа на личен или општествен статус - стекнато образование, во областа на работата и работните односи, сторена од страна на Претседателот на Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници при МВР - [redacted] Врз основа на таквото мислење, биле дадени препораки за отстранување на последиците од дискриминацијата, односно интерниот оглас да се поништи, да се повтори постапката за избор на нов кандидат во рок од 60 дена и за истото писмено да се извести Комисијата, а воедно во иднина Министерството да се воздржи од дискриминација при избор на кандидати пријавени на интерни огласи и да ги почитува условите кои се наведени во интерните огласи преку воздржување од дејствија кои преставуваат акт на дискриминација. Од страна на МВР, согласно препораките на Комисијата, спорниот интерен оглас бил поништен, а на 21.11.2023 година бил распишан нов интерен оглас со бр. 22.6-432 во кој Регионалниот центар Север бара 4 работни позиции и тоа: 1. Самостоен Инспектор - Главен дежурен во ДОЦ деташиран во ЦИК Скопје, 2. Инспектор раководител на смена во Полициска станица за граничен надзор Чашка, 3. Инспектор раководител на смена во Полициска станица за граничен надзор Блаце, 4. Инспектор раководител ан смена во Полициска станица за граничен надзор П. Шапка.

На новиот распишан интерен оглас подносителот конкурирал на работните позиции од точка 2 и 3 каде се барале раководители на смена во ПС за ГН Чашка и ПС за ГН Блаце каде што претходно беше поништен огласот, за кои работни места ги исполнувал условите во целост. Тој наведува дека поради тоа што бил единствениот кандидат кој ги исполнува условите предвидени во интерниот оглас со највисок степен на образование, квалификации и работно искуство, од страна на Министерството за внатрешни работи поточно од Комисијата за унапредување и распоредување во корелација со Началникот на РЦ Север повторно бил направен акт на дискриминација врз него со цел да не биде унапреден. Односно, тој наведува дека на работните позиции од интерниот оглас на кои што не конкурирал бил направен избор на кандидати и биле донесени решенија во декември 2023 година, додека за работните позиции од точките 2 и 3 каде што конкурирал не се направил избор на кандидат со цел да не биде избран тој. Огласот во делот на позициите од точките 2 и 3 не се поништил, поради тоа што имало пријавено кандидат кој ги исполнува условите, туку бил оставен без да се направи избор со цел да се избегне негово унапредување. Дополнително во контекст на дискриминаторски дејствија што се преземале, тој наведува дека на 23.01.2024 година на спорната работна позиција раководител на смена во ПС за ГН Блаце, со решение бр. 23.6-7748/1 се распоредил [redacted] лице кое воопшто не конкурирало и не се пријавило на интерниот оглас. Во решението е наведено дека се распоредува по предлог на началникот на РЦ за ГР Север кој доставил акт бр. 22.17.3.191/1 од 28.12.2023 година, што било повеќе од еден месец по распишувањето, на интерниот оглас по кој веќе имало пријавено кандидати. Тој истакнува дека распоредувањето на работниците во Министерството за внатрешни работи согласно член 37 од Колективниот договор на МВР се врши во транспарентна постапка (со објавување на интерен оглас), а по


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

исклучок се врши распоредување во не транспарентна постапка (начинот на кој што било распоредено лицето [redacted] но само за одредени работни места во МВР кои се пропишани во Листа за кои не се однесува транспарентната постапка потпишана од страна на Министерот и Синдикатот. Подносителот наведува дека во Листата на работни места во Министерството за внатрешни работи за кои при распоредување на работниците не се спроведува транспарентна постапка воопшто не е предвидено распоредување на работно место „Инспектор“ со што самото Решение го прави незаконско и со единствена цел продолжување на дискриминацијата врз него и пополнување на работното место со што повторно би се упатил на истиот процес на докажување на дискриминација, а во меѓувреме да трпи вознемирување и штетни последици.

Тој на крајот наведува дека со оглед на образложеното и согласно член 7 од Правилникот за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување на начинот на остварување на системот на Кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи, каде јасно е пропишано дека секое овластено службено лице кое согласно професионалните квалитети и квалификации, работните способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски ги исполнува условите за унапредување на друго работно место, може да биде унапредено, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба, бара од Комисијата да утврди повеќекратна, продолжена дискриминација врз него и да препорача Решението за распоредување бр. 23.6-7748/1 од 23.01.2024 година да се поништи, а веќе започнатата постапка по интерниот оглас бр. 22.6-432 од 21.11.2023 да се доврши и направи избор за работните позиции во ПС за ГН Блаце и ПС за ГН Чашка каде што не е направен избор на кандидат.

Во прилог кон претставката во копии, подносителот достави:

1. Мислење бр. 08-411/11 од 14.09.2023 година на Комисијата;
2. Листа на работни места во министерството за внатрешни работи за кои при распоредување на работниците не се спроведува транспарентна постапка бр 13.1-73918/1 од 30.07.2021 и
3. Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи.

Комисијата со Барања бр. 08-230/2 и 08-230/3 во два наврати се обрати и ја достави претставката од подносителот до МВР со цел изјаснување по наводите во претставката.

Министерството за внатрешни работи се изјасни по наводите во претставката со допис бр. 23.6-35178/1 од 25.03.2024 година, доставен до Комисијата на 25.04.2024 година.

Во дописот-одговорот, истакнуваат дека постапувајќи по Мислење бр.08-411/11 од 14.09.2023 година на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, со


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

кое се препорачува да се поништи интерниот оглас бр.22.6-47 од 16.02.2023 година, Комисијата за распоредување и унапредување ја поништила одлуката бр.22.6-31176 од 20.03.2023 година. Следствено, согласно таквата одлука на Комисијата, министерот за внатрешни работи донел Решение бр.22.6-111096/1 од 18.10.2023 година со кое го поништил решението за распоредување во транспарентна постапка бр.22.6-31173/1 од 20.03.2023 година со кое [redacted] бил распореден на работно место „инспектор раководител на смена" во Полициска станица за Граничен надзор Блаце во Регионален центар за Гранични работи Север. За истото ја известиле Комисијата со акт бр.22.6-98047/2 од 02.11.2023 година.
Со Телеграма бр 22.6-432 од 21.11.2023 година се објавил интерен оглас за пополнување на четири работи места во Регионален Центар за Гранични работи Север и тоа:

1. Самостоен инспектор главен дежурен во ДОЦ деташиран во ЦИК Скопје;
2. Инспектор раководител на смена во Полициска станица за Граничен надзор Чашка;
3. Инспектор раководител на смена во Полициска станица за граничен надзор Блаце и
4. Инспектор раководител на смена во Полициска станица за Граничен надзор Попова Шапка.

Истакнуваат дека на наведениот оглас [redacted] доставил пријави за работните места од точка 2 - „инспектор раководител на смена" во Полициска станица за Граничен надзор Чашка и точка 3 – „инспектор раководител на смена" во Полициска станица за граничен надзор Блаце.
Наведуваат дека Комисијата за распоредување и унапредување на 16.01.2024 година одржала работен состанок и истата донела одлука дека нема избор за работното место под точка 2 – „инспектор раководител на смена" во Полициска станица за Граничен надзор Чашка, за што во прилог доставуваат копија од Записник бр.23.6-07/1 од 17.01.2024 година.
Во однос на работното место под точка 3 – „инспектор раководител на смена" во Полициска станица за Граничен надзор Блаце, известуваат дека Комисијата воопшто не одлучувала за ова работно место.
Понатаму, во однос на наводите дека [redacted] бил распореден на работно место „инспектор раководител на смена" во Полициска станица за Граничен надзор Блаце, известуваат дека наведеното решение е донесено по предлог од началникот на РЦ за ГР Север бр.22.17-3.191/1 од 28.12.2023 година, односно истото не било донесено во транспарентна постапка, туку по потреба на министерството. Наведуваат дека целокупната постапка за распоредување на [redacted] е во согласност со одредбите на член 106 став 2, член 107 и член 111 став 1 алинеја 1 од Законот за внатрешни работи. Наведуваат дека во член 106 став 2 од Законот за внатрешни работи е утврдено дека по исклучок од ставот 1, транспарентноста на постапката не се однесува на распоредување на работници на работни места во Министерството при распоредување по потреба на министерството или при


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

распоредување по барање на работникот. Во конкретниот случај, во диспозитивот на решението за распоредување на [redacted] бр.23.6-7748/1 од 23.01.2024 година, со кое именуваниот од работно месо „инспектор за прекугранichен криминал и миграции" е распореден на работно место „инспектор раководител на смена", е утврдено дека распоредувањето се врши по потреба на Министерството.

Притоа, истакнуваат дека распоредувањето е во согласност со член 111 став 1 алинеја 1 од Законот за внатрешни работи, односно работникот се распоредува на работно место за кое е утврдена основна плата што е еднаква со основната плата од работното место од кое се распоредува, при што се исполнети сите услови за распоредување утврдени во член 107 од Законот за внатрешни работи.

Во прилог на дописот во доставуваат:

-копија од телеграма бр.22.6-432 од 21.112023 година;

-копија од записник бр.23.6-07/1 од 17.01.2024 година;

-копија од предлог бр.22.17-03.191/1 од 28.12.2023 година од началникот на РЦ за ГР Север;

-копија од решение бр.23.6-7748/1 од 23.01.2024 година за [redacted] и

-копија од акт 2.6-98047/2 од 02.11.2023 година од директорот на БЈБ.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Согласно член 8 став 1 од истиот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Како потешки облици на дискриминација, согласно член 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се смета повеќекратна дискриминација, интерсекциска дискриминација, повторена дискриминација и продолжена дискриминација.

Продолжена дискриминација, согласно член 4 став 1 точка 12 од горенаведениот Закон, е дискриминација што е вршена врз едно лице или група непрекинато, во подолг временски период, врз дискриминаторски основи.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Според член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, подносителот на претставката кој тврди дека во согласност со одредбите на овој закон е сторена дискриминација е должен да ги изнесе сите факти што го прават тврдењето веројатно. Доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето против кое е поднесена претставката.

Согласно член 6 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021 и 111/2023), „работодавачот не смее барателот на вработување (во натамошниот текст: кандидат за вработување) или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.".

Според членот 37 ставови 1, 2, 3 и 4 од Колективниот договор на МВР („Службен весник на РСМ" бр. 149/2021; 163/2021; 299/2021; 303/2021; 32/2022; 54/2023; 102/2023; 6/2024 и 18/2024):

„1) Работникот работи на работно место во организациската единица на Министерството за кое склучил договор за вработување.

(2) Работникот во текот на работниот однос може да биде распореден на друго работно место, различно од она на кое претходно работел, во транспарентна постапка.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, транспарентноста на постапката не се однесува на распоредување на работници на работни места во Министерството при распоредување на работникот по потреба на Министерството или при распоредување по барање на работникот.

(4) Работните места на кои нема да се однесува транспарентноста на постапката, ќе бидат определени во листа потпишана од страна на министерот и МПС.".

Имајќи ги во предвид изнесените факти и околности во претставката на подносителот и во изјаснувањето на потенцијалниот дискриминатор, Комисијата утврди дека [redacted] и Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници за работни места од категориите Б, В, Г, Д и Ѓ, односно [redacted] сториле продолжена дискриминација врз [redacted] врз основ на членување во синдикат.

Комисијата ја утврди фактичката состојба во смисла на член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, според кој доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш товарот на докажување преминува на лицето


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

против кое е поднесена претставката, за што во конкретниот случај истакнатите тврдења во претставката на подносителот Комисијата ги сметаше за веројатни.

Имено, Министерството за внатрешни работи постапило по препораката на Комисијата во нејзиното Мислење бр. 08-411/11 од 14.09.2023 година и го поништило интерниот оглас бр.22.6-47 од 16.02.2023 година, со тоа што Комисијата за распоредување и унапредување ја поништила одлуката бр.22.6-31176 од 20.03.2023 година, а согласно таквата одлука на Комисијата, министерот за внатрешни работи донел Решение бр.22.6-111096/1 од 18.10.2023 година со кое го поништил решението за распоредување во транспарентна постапка бр.22.6-31173/1 од 20.03.2023 година со кое [redacted] бил распореден на работно место „инспектор раководител на смена" во Полициска станица за Граничен надзор Блаце во Регионален центар за Гранични работи Север. Согласно наведеното Мислење бр. 08-411/11 од 14.09.2023 година, на Комисијата, се утврдило дека во конкретниот случај од страна на Министерството за внатрешни работи, преку Комисија за распоредување и унапредување на полициски службеници претставувана од [redacted] врз лицето [redacted] од Скопје е сторена директна дискриминација врз основа на личен или општествен статус - стекнато образование, во областа на работата и работните односи. Односно дека лицето [redacted] бил ставен во понеповолна положба врз основ на неговото образование, споредбено со лицето [redacted], кое и покрај тоа што имал несоодветно образование за конкретното работно место и со тоа не го исполнувал посебниот услов, сепак бил избран кандидат за вработување на тоа работно место.

И покрај тоа што, постапката за вработување по предметниот оглас за кој е донесено горенаведеното Мислење на Комисијата, бил поништен од причини на утврдена дискриминација врз [redacted], во новиот интерен оглас објавен со Телеграма бр.22.6-432 од 21.112023 година за пополнување на четири работни позиции, на кои за две работни позиции од точките 2 и 3 конкурирал [redacted] повторно е сторено дискриминаторско дејствие од страна на Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници за работни места од категориите Б, В, Г, Д и Ѓ, односно претседателот [redacted] со тоа што донеле одлука без никакво образложение за неизбор на кандидат за работното место од точка 2 на интерниот оглас, а во однос на работното место од точката 3 воопшто не спровеле постапка на селекција. Комплементарно на тоа, [redacted] дал предлог за распоредување Рег.бр. 22.17 -3.191/1 од 28.12.2023 година до Бирото за јавна безбедност, за распоредување на вработениот [redacted] на работното место од точка 3 на горенаведениот интерен оглас. Како резултат на таквиот предлог, иако за тоа работно место во тек бил интерен оглас, спротивно на член 37 од Колективниот договор на МВР и Листата на работни места во министерството за внатрешни работи за кои при распоредување на работниците не се спроведува транспарентна постапка бр. 13.1-73918/1 од 30.07.2021, во нетранспарентна постапка на предметното работно место бил распореден [redacted]


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Ваквите постапувања на Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници за работни места од категориите Б, В, Г, Д и Ѓ, односно [redacted] Димитровски, Комисијата ги смета за тенденциозни дејствија на постапување и непостапување, кои резултираат со ставање во понеповолна положба на лицата кои конкурирале на работните места од интерниот оглас бр.22.6-432 од 21.112023 година, меѓу кои и вработениот [redacted] во споредба со лицето [redacted] врз основ на тоа што [redacted] бил член во синдикат. Таквите дејствија имале за цел да не се изврши селекција односно распоредување на лица на работните места од точките 2 и 3 од предметниот интерен оглас во транспарентна постапка, сметајќи ги пријавените кандидати за „неподобни", па од тие причини прво Комисијата за распоредување видно од Записник бр.23.6-07/1 од 17.01.2024 година, со сторување не донела одлука за избор за работното место од точка 2 на интерниот оглас, без притоа да даде било какво образложение, односно истата таа Комисија не спровела постапка во согласност со Правилник за начинот на спроведување на селекција при распоредување, како и при унапредување и начинот на остварување на системот на кариера на работниците во Министерството за внатрешни работи за работните места од точките 2 и 3 на интерниот оглас, со што согласно постапката за селекција утврдена во наведениот Правилник, на транспарентен начин врз основа на критериумите за селекција ќе состави ранг листа на кандидати и истата ќе ја предложи за понатамошно постапување.

Следствено, во однос на наведеното, Комисијата за распоредување и [redacted], во ниту еден момент не го докажаа спротивното дека не спроведувањето на избор на кандидат за работните места од точките 2 и 3 на интерниот оглас, немале за цел нераспоредување на вработениот [redacted] на тие работни места, односно дека од објективни и оправдани причини не е спроведена постапката за избор на кандидат и е распоредено друго лице во нетранспарентна постапка, како и дека таквите дејствија не се каузално поврзани со членувањето на [redacted] во синдикат како дискриминаторски основ. Ова дотолку што, самите дејствија на Комисијата за распоредување, претставувана од [redacted] и дејствијата на [redacted], се преземени спротивно на правните прописи согласно кои може да се спроведе распоредување на вработени на работни места во МВР, а фактот дека [redacted] бил член на синдикат, несомнено им бил познат, од причини што истиот е назначен на функција во синдикатот, односно е Помошник генерален секретар на Независниот синдикат полицијата.

Со таквите дејствија, подносителот на претставката [redacted] во континуитет трпел дискриминација, односно во смисла на член 4 став 1 точка 12 и член 13, врз истиот е сторена продолжена дискриминација.

Согласно горенаведеното Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА Министерството за внатрешни работи во рок од 30 дена од денот на добивањето на мислењето со оваа препорака, да го поништи Решението бр.23.6-7748/1 од 23.01.2024 година за распоредување на лицето [redacted] на работно место во Министерството за внатрешни работи и за тоа да ја извести Комисијата.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА Министерството за внатрешни работи, односно Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници за работни места од категориите Б, В, Г, Д и Ѓ во рок од 30 дена од денот на добивањето на мислењето со оваа препорака, да ја спроведе до крај и во согласност со важечките правни прописи, постапката по интерниот оглас објавен со Телеграма бр.22.6-432 од 21.112023 година, притоа почитувајќи го принципот на еднаквост и недискриминација и за тоа да ја извести Комисијата.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА на Комисијата за распоредување и унапредување на полициски службеници за работни места од категориите Б, В, Г, Д и Ѓ и на [redacted] во иднина да се воздржуваат од дискриминаторски дејствија врз вработените во Министерството за внатрешни работи.

НАПОМЕНА: Доколку препораката не е исполнета во предвидениот рок, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
*1.* [redacted]
*2. Министерство за внатрешни работи*
*3. Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk